Романија е една од најраните земји во која се одеше од Македонија на печалба. Во Романија се формирале и првите македонски колонии во кои прогресивните Македонци пројавувале голем интерес за својата поробена татковина. За тоа и нашиот интерес кон романските архиви е сосем оправдан.

Фани Буцкова ја прикажува книгата „Фигури на архивски работници во Романија" што била објавена по повод 140-годишнината од основањето на првиот романски архив. Да се надеваме дека во идниот број на Македонски архивист ќе најдат место повеќе прикази на книги од југословенската архивистика и документација, како и од другите соседни земји чија што проблематика ја засегнува Македонија.

Информацијата на Татјана Веселинова за истражувачите на архивска граѓа во Архивот на Македонија дава увид кои сé истражувачи и на какви теми работеле ползувајќи ги архивските фондови на Архивот на Македонија од 1959—1971 год., додека Султана Кронеска дава библиографија на стручно-прирачните публикации од областа на архивистиката со кои располага Архивот на Македонија.

Од овој краток преглед може да се види разновидноста на статиите со кои се појави првиот број на Македонски архивист. Поздравувајќи го неговото излегување списанието Историја ќе се труди да го популаризира сред своето членство, а истовремено му пожелува другите броеви да бидат по својата содржина исто така интересни, како и овој прв број.

**Љ. Л.**

**МУЗЕЈСКИ ГЛАСНИК,** Орган на Историскиот музеј на Македонија во Скопје, Год. I, бр. 1 (1972), стр. 127

Во аналите на македонската периодика 1972 година ќе биде обележена со појавата на две нови списанија: Македонски архивист, орган на Друштвото на архивските работници и архивите во СР Македонија за коешто погоре стана збор и Музејски гласник, орган на Историскиот музеј на Македонија во Скопје. Истовремената појава на овие две списанија говори за созреаните услови на двете важни установи на Македонија да ѝ ги презентираат на јавноста на увид не само своите досегашни постигања туку истовремено и да ги зацртаат и новите задачи што стојат пред нив за решавање.

За разлика од списанието Македонски архивист, списанието Музејски гласник има јубилеен карактер. Токму оваа година се навршуваат 20 години од основањето на Историскиот музеј во Скопје и по тој повод директорот на Музејот Трпко Панговски и вишиот кустос Галена Куцулоска во своите статии прават преглед на постигањата во истражувачката и собирачката дејност, во средувањето и обработувањето на музејските фондови и збирки, како

и во нивното користење за образовни и научни цели.

Магистерот Деса Спасовска во својата статија се враќа во минатото и прави еден многу интересен осврт на првите музеи и музејски збирки и нивната судбина во Македонија од нивното создавање до ослободувањето на нашата земја. Нема да биде без значење ако се изнесат основните факти од оваа статија.

Земајќи ја 1516 година како датум кога врз основа на еден запазен печат со натпис „Општ музеј на апостолскиот престол на прва Јустинијана од Охрид и цела Бугарија" Спасовска смета дека со тоа се удрени темелите на првиот музеј во Македонија, се разбира, во рамките на Охридската православна архиепископија. Немајќи никакви други податоци за судбината на овој музеј, Спасовска говори за уште една музејска збирка во Битолската гимназија од 1903 година за да установи со сигурност дека првиот вистински музеј под името Историско-археолошки музеј бил формиран во Скопје дури во 1924 година. Во текот на 1925 г. овој музеј се пополнил со едно етнографско-антрополошко одделение, во 1926 г., со зоолошко, а во 1927 г. со геолошко-петрографско одделение. Во 1926 г. бил формиран Природно-научен музеј со задача да ја испитува флората и фауната на Македонија. Единаесет години подоцна бил формиран пак во Скопје уште еден музеј, т.е. Православниот црковен музеј и сместен во црквата Св. Мина во Скопје.

Освен овие музеи во Скопје, изнесува Спасовска, по приватна иницијатива на д-р Никола Незлобински бил основан 1924 год. во Струга еден Природно-научен музеј со цел да ја испитува фауната и флората на Струшка околија чиишто богати експонати, собрани од самиот Незлобински и ден денес претставуваат најголем украс на Струга.

Во 1938 год. Македонија се здоби со уште еден музеј, овој пат во Битола. Меѓутоа, со почнувањето на Втората светска војна голем дел од овие музеи, како што раскажува Спасовска, пострадале и одвај по ослободувањето на нашата земја се туриле повторно основите на сосем нови музеи во Скопје и во сите други градови на Македонија.

Академикот Михаило Апостолски во својата статија го прикажува придонесот на Историскиот музеј во Скопје во ширењето на историската вистина за македонскиот народ.

Кустосите и стручните соработници на Историскиот музеј: Ѓорѓе Миљковиќ, Марија Георгиева, Стеван Пиперковски, Бисера Филипова, Драгица Митрова, Галена Куцуловска и Ѓорѓи Јанчев во своите кратки, но содржајни статии и осврти ги изнесуваат своите искуства од досегашната работа во своите одделенија, разгледуваат посебни збирки и организирани изложби на Историскиот музеј, како и идни планови и предлози за понатамошната работа на Историскиот музеј во неговата нова зграда.

Историскиот музеј во Скопје, како ниедна друга наша културна установа, во време на катастрофалниот земјотрес во Скопје 1963 г. беше сравнет со земјата и голем дел од неговите експонати беа уништени. Поради тоа и периодот по земјотресот за Историскиот музеј

претставуваше период на големи напори да се санира и она малку што остана неуништено од земјотресот, а другото сè одново да се набавува. Во таа смисла издавањето на овој прв и јубилеен број претставува еден крупен чекор во напредокот на Историскиот музеј.

Поздравувајќи го излегувањето на првиот број на Музејскиот гласник ние се надеваме дека вториот број ќе ни даде уште побогат и поразновиден материјал.

**Љ. Л.**

**ОД СЕМЕЈНАТА КОРЕСПОНДЕНЦИЈА НА КАРЛ МАРКС.** Редакција и превод Д-р Вера Јанева-Стојановиќ. — Библиотека „Современост", кн. 11 (1973), 5—30.

По повод 90-годишнината од смртта на Карл Маркс — основачот на научниот социјализам и предводник на меѓународното работничко движење, списанието „Современост" даде драгоцен прилог со публикувањето на неколку писма од семејната кореспонденција на К. Маркс во редакција и превод на д-р Вера Јанева — Стојановиќ.

На триесетина страници сè објавени седум писма кои датираат од 1837, 1856, 1867, 1868, 1869 и 1881 година. Едно од нив е пишувано од таткото на Маркс до својот син Карл, а другите шест се упатени до неговата сакана Џени (негова сопруга) и до ќерките Лаура, Елинор и Џени. За секое писмо на почетокот е даден краток уводен текст кој воведува во содржината на истото.

На нашата јавност овие писма за прв пат ѝ се презентираат. Преку нив ни се открива Марксовата личност во една невообичаена светлина, зрачи неговата нежна природа, силна и чувствителна љубов кон саканата и почитувана Џени, кон своите деца. Пишувајќи за секојдневните семејни грижи и во овие писма се истакнува неговиот критички поглед на тогашното општество, се изразува незадоволството од нездравите односи меѓу луѓето, а се истакнува неговата интимна желба за збогатување на човечката душа, за создавање благосостојба меѓу луѓето. Желбата за доброто на своите најблиски се поврзува со желбата за доброто на сите луѓе. Секој настан во семејниот круг се поврзува со општествените односи од времето во кое Маркс живее. Тој ги доживува и анализира и најситните проблеми со кои се судруваат неговите деца, кон кои се обрнува со топлина, љубов, нежност и разбирање.

Писмата, покрај општото значење, имаат и посебна историска вредност. Тие опфаќаат неколку важни етапи од животот на Маркса. Тоа е времето кога се случуваат големи општествени промени и превирања, кога Маркс ја развива својата научна мисла и се посветува на делото за доброто на работничката класа. Така во едно писмо од 1867 г. тој прави споредувања на економскиот живот во Европа со животот во Англија. Го истакнува вриежот и незадоволството меѓу работниците и на едно место вели: